REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 02-5644/1
26.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 17, член 19 и член 20 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во согласно со член 21 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ", бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 15 став 1 алинеја 17, член 38 и член 40 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., а во врска со Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата, арх.бр.03-4885/1 од 19.11.2025 г., Извештајот од Комисијата за евалуација на доставените пријави, арх.бр.04-4901/3 од 25.12.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-5607/2 од 26.12.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. За директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) се избира д-р Зоран Трајчевски.

2. Мандатот на директорот на Агенцијата е 5 (пет) години.

3. Директорот на Агенцијата е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време, почнувајќи од 1.1.2026 година.

4. За оваа одлука да се известат сите кандидати кои се пријавиле на Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во дневните весници „Слободен печат" на 21.11.2025 г. и во „Коха" на 21.11.2025 г., согласно член 27 од Законот за работните односи.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува од 1.1.2026 година.

**Прилог (1):**

1. Извештај од Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.04-4901/3 од 25.12.2025 година.

**Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од одлуката да се достави до:**

- Именуваниот;
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за финансии и логистика и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.12.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 04 | 4901/3 | | |

До:
Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Комисијата за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата формирана со Решение арх.бр.04-4901/1 од 19.11.2025 г. врз основа на точка 10 од Одлуката за објава на јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), арх.бр.03-4885/1 од 19.11.2025 г., а во врска со Записникот, арх.бр.04-4901/2 од 23.12.2025 г. од спроведена административна селекција на доставени пријави по јавниот конкурс за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата, доставува:

**Извештај**
**од Комисијата за евалуација**
**на доставени пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс**
**за избор на директор и на заменик на директор на**
**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Согласно Записникот, арх.бр.04-4901/2 од 23.12.2025 г. од спроведена административна селекција на доставени пријави по јавниот конкурс за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со во прилог преглед на пријавени кандидати за работно место директор на Агенцијата и преглед на пријавени кандидати за работно место заменик на директорот на Агенцијата, Комисијата продолжи со евалуација на уредните пријави на кандидатите.

I. За избор на директор на Агенцијата, 2 (две) пријави се уредни, односно утврдените услови од Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата ги исполнуваат следните кандидати, чии пријави беа предмет на евалуација од страна на Комисијата, и тоа:

1. д-р Зоран Трајчевски (со Пријава арх.бр.04-5079/1 од 26.11.2025 г.) и
2. д-р Славчо Чунгурски (со Пријава арх.бр.04-5327/1 од 10.12.2025 г.).

II. За избор на заменик на директор на Агенцијата, 1 (една) пријава е уредна, односно утврдените услови од Јавниот конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата ги исполнува еден кандидат, чија пријава беше предмет на евалуација од страна на Комисијата, и тоа:

1. Мухамер Беќири (со Пријава арх.бр.04-5292/1 од 5.12.2025 г.).

III. По извршената евалуација на напред наведените уредни пријави по јавниот конкурс за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се даваат следните предлози, и тоа:

III.1. **Предлог за избор на директор на Агенцијата**

Советот на Агенцијата да донесе одлука со која д-р Зоран Трајчевски се избира за директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Именуваниот, ги исполнува општите услови предвидени во Законот за работите односи, посебните услови утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно условите утврдени во Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. При изборот

беа земени предвид: стручните квалификации, долгогодишното работното искуство во областа на медиумите/аудиовизуелната област, како и во сродни области, искуството во примената на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Изборниот законик, подзаконските акти, европската медиумска регулатива и презентираниот фокус на работата и развојот на Агенцијата во следните 5 (пет) години преку јасно дефинираните цели, мерки и приоритети насочени кон унапредување на регулаторните процеси, на институционалните и кадровските капацитети, на внатрешната организација и работните процеси на Агенцијата, на транспарентноста и отчетноста во работењето на регулаторното тело, јакнењето на слободата на изразување и слободата на медиумите и медиумскиот плурализам, како и кон заштита на јавниот интерес, подигањето на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост и поголема заштита на граѓаните во онлајн просторот. Неговото познавање на внатрешното функционирање на Агенцијата, административните процедури, како и воспоставените механизми за надзор и регулација, овозможува веднаш и без дополнителен период на прилагодување да продолжи со ефикасно и одговорно извршување на функцијата директор на Агенцијата.

III.2. **Предлог да не се врши избор на заменик на директорот на Агенцијата**

Комисијата, постапувајќи во рамките на своето дискреционо право, одлучи да не се врши избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Комисија за евалуација на доставени пријави:**

м-р Зирјета Јајага
претседател на Комисијата,

Петар Џуровски,
член на Комисијата,

м-р Гордана Мајнова
член на Комисијата,